АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

Примено: Pranuar:		04.11.2026	
Орг. Един. Nj.org.	Број: / Numer:	Прилог: Shtojce:	Вредност: Vlera:
10	4095/1		

До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), се доставува:

ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен
2. **Субјект на надзорот:** Радио програмскиот сервис на Радиодифузното трговско друштво ЕФ-ЕМ 90.3 – СПОРТСКО РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Скопје
3. **Период опфатен со надзорот:** 8 октомври 2026 година
4. **Датум на извршување на надзорот:** 4 ноември 2026 година
5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** *(употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите);*

   - **Член 80 ставови 7, 8 и 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

   (*(7) Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат програма на радио и коишто на почетокот на календарската година доброволно ќе пријават во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги процент на емитување на музика на македонски јазик и етничките заедници, за истиот процент ќе добијат намалување на висината на надоместокот за лиценца.*

   (8) Минималното намалување на надоместокот за лиценца по овој основ може да биде 10%, а максималното намалување до 30%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат програма на радио и кои емитуваат музика повеќе од 30% на македонски јазик и етничките заедници, не може да добијат намалување на надоместокот за лиценца повеќе од 30%.

   (9) Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ќе донесе подзаконски акт со кој ќе утврди план за времето и жанрот за емитување на музика на македонски јазик и етничките заедници за трговските радиодифузни друштва кои емитуваат програма на радио);

   - **Точка 4 од Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика бр. 01-546/1 од 04.02.2019 година** (*Радио програмските сервиси се должни пријавениот процент музика на македонски и на јазиците на етничките заедници, да го емитуваат на дневно ниво, во периодот од 6 часот до 00 часот*);

- **Точка 5 од Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика бр. 01-546/1 од 04.02.2019 година** (*Радио програмските сервиси се должни да емитуваат музика на македонски и на јазиците на етничките заедници со жанровска одредница каква што пријавиле во Програмскиот концепт, којшто е составен дел од нивната Дозвола за радио емитување)*;

- **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** *(Радиодифузерите што вршат дејност на регионално ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 12 часа програма на радио).*

6. Претходно изречена мерка: /

7. Констатации од надзорот:

Со редовниот програмски надзор врз радио програмскиот сервис на Радиодифузното трговско друштво ЕФ-ЕМ 90.3 – СПОРТСКО РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, емитуван на 8 октомври 2026 година, на регионално ниво, **не се констатирани прекршувања** на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

8. Опис на прекршувањето: /

9. Предлог мерка: /

Сектор за програмски работи